**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестото продолжение на Сто дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 март 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по Сто и дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија

Пратениците: Нелко Стојаноски, Љубчо Георгиевски, Гзим Остреми, Славица Велковска, Игор Ивановски, Рафет Муминовиќ, Ванчо Георгиев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Али Ахмети, Абдулаким Адеми, Фазли Велиу, Теута Арифи, Мендух Тачи и Адулади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Застанавме кај 24-та точка -**Предлог на закон за стечај.**

Претресот по текстот на законот е заклучен .

Ги молам службите да ме информираат колку се воопшто потпишани како дојдени.

Ги молам пратениците кои што се тука по канцеларии да дојдат, да се потпишат и да влезат во салата.

Бидејќи има 40 потпишани пратеници, објавувам пауза до 11,30 часот.

(Пауза од 11.05 до 11.30 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата и известувам дека во исто време течат 10-те минути за кворум.

(Присутните во салата чекаат да се создаде кворум).

Молам службите да го утврдат борјот на присутни пратеници во салата.

Госпоѓо Иванова, имате збор процедурално.

**Цветанка Иванова:** Во името на пратеничката група на СДСМ барам пауза од половина час за да се собереме.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам пауза од половина од половина час.

(пауза од 11,40 до 12,15 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(По пребројувањето на присутните пратеници)

10 минути за кворум течат.

(во салата влегуваат пратеници.)

Сега се присутни 62 пратнеика.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеници присутни во салата, гласале 59, 56 пратеници гласале за, двајца воздржано и еден против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за стечај.

**Минуваме на Дваесет и петтата точка-Предлог за донесување на закон за безбедност на производите, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Господине Мавровски. Повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Пред нас го имаме Предлогот за донесување на закон за безбедност на производите, еден од законите кои се надеваме дека ќе не доближат до Европската Унија и закон кој што мораме да го донесеме заради безбедноста на производите кои се надвор од прехрамбената индустрија.

Во однос на она што беше комисиска расправа изнесовме повеќе забелешки, но тука пред мене отсуствува или не видов во меѓувреме, и покрај тоа што помина многу повеќе време од комисиската расправа до денешниот ден кога се одржува седницата, мислам дека не добивме никаква информација или амандман од Владата со кој би интервенирале во она што значи поправка на текстот на законот. Бидејќи се работи за втора фаза, забелешките беа доставени, мислам дека Владата не интервенира, но јас уште еднаш ќе ги повторам и ќе му дадам можност на претставникот на Владата , заменикот министер евентуално да го искористи своето присуство на денешната седница и дел од овие амандмани, затоа што некои се однесуваат и само на поправка на текстот на законот од технички аспект. Мислам дека треба да се интервенира затоа што вака како што се напишани и како што ќе оди законот е погрешно и дека мора да се извршат овие поправки.

Би почнал со членот 7 став 2 каде што стои: "Одредбите од овој дел од законот се применуваат и на производите за кои постојат суштествени барања во врска со аспектите, односно видовите на опасност утврдени со прописите кои се однесуваат на барањата за производите хармонизирани со правото на Европската Унија". Овој дел во врска со аспектите мислам дека апсолутно не одговара ниту номотехнички, ниту е дел од она што треба да го објасни делот на законот и очекував дека Владата со интервенција токму во овој дел во врска со аспектите да отпадне од реченицата. Еве, оставам заменикот на министерот да го провери сето ова и да донесе одлука.

Понатаму во однос на членот 8-"Производителите се должни на пазарот да пуштаат само безбедни

пороизводи", сето ова е вред, но има еден член во казнените одредби, тоа е членот 42 став 1, точка 1, каде што се предвидуваат парични казни за правните лица кои ќе пуштат небезбедни производи спротивно од членот 8 од законот. Јас милам дека правните лица кои ќе постапат спротивно на членот 8 треба да бидат кривично казнети или да им биде одземена лиценцата за работа. Тоа е голема разлика и затоа предлагам оние што ќе прекрќат членот 8 во казнените одредби да стои дека едноставно против нив ќе биде поведена кривична постапка. Тука нема апсолутно никаква казна од 80.000 до 300.000 денари, затоа што ако некој знае дека тој производ е небезбеден и штетен по здравјето на луѓето, апсолутно нема да следи таква парична казна туку следи друго, санкција со кривична пријава.

Понатаму во членот 9 став 2, буквата "е" треба да биде избришана, затоа што реченицата гласи: "Производот се смета за е безбеден", значи или е безбеден или "е за безбеден", на буквата "е" апсолутно не и е тука местото и треба да биде избришана-" ако опасностите или видовите на опасности се опфатени со соодветните национални стандарди". Тоа е првата забелешка која се однесува на членот 9.

Во истиот член во врска со ставот 3, каде што стои дека министерот за економија листата на стандарди со чија употреба се смета дека производот е безбеден ќе објави во "Службен весник во Република Македонија". Мислам дека ова требаше да биде објавено и еднаш треба да преминеме на она што значат технички прописи и да се придржуваме кон нив, затоа што било кои стандарди и технички прописи ако не ги задоволуваме апсолутно не можеме и не смееме да бараме да бидеме блиску до Европската Унија, а не вака како што е напишано во овој дел.

Понатаму, во членот 10 став 1, точка (а) мислам дека зборот на почетокот на реченицата "доброволните национални стандарди кои се подготвени врз основа на релевантни европски стандарди, а кои се надвор од листата на стандарди од член 9 став 3 од овој закој," зборот "доброволните" ќе треба да се избрише. Тобаш ќе говориме за национални стандарди, не можеме да говориме за доборововолни национални стандарди. Мислам дека не е соодветен терминот и тој можеби е погрешен во преводот, односно таму е употребен некој збор кој што во ваков контекст на реченицата апсолутно не одговара, а се што правиме како национални стандарди, тие треба да се подготвуаат врз основа на релевантните европски стандарди и не можат да бидат доборoволни.

Понатаму, во истиот член 10 ставот (г) на членот 10, односно "утврдување на сообразноста на производот со барање за општа безбедност во случај кога не постоја стандардни прописи да се утврдува врз основа на состојбата и техниката"- тоа мислам дека е недозволиво, затоа што секогаш произоводот имал приоритет. Состојбата на техниката и технологијата во Република Македонија во овој момент сите ја знаеме, таа е далеку од она што треба да ги задоволи европските стандарди и ако се повикуваме на членот 10 ставот (г), тогаш сите оние кои што ги произведуваат овие производи ќе бидат многу далеку од она што значат европски стандарди, а ќе можат да се повикаат на овој закон што вие го носите, врз основа на она што е моментално техника и технологија со која се произведуваат овие производи.

Понатаму, во членот 13 став 2 стои:"Повелкувањето од став 1 на овој член може да се изврши според правилата на надобри искуства по прашањата за повлекување". Мислам дека и тука се работи за еден лош превод, затоа што на ваков начин мислам дека не добиваме ништо и зборовите "правила на најдобри искуства" за мене ништо не значи, а претпоставувам и за многу технички лица, затоа што најдбори искуства треба да бидат одбележани, дали тоа ќе биде со подзаконски акт или ќе биде набележано во некој друг дел каде што ќе можеме да видиме што значи всушност тоа. Искуството на една држава не значи ништо во однос на некоја друга држава и тука треба да правиме разлика. Затоа, ова треба да се дефинира со подзаконски акт, а "правилата на најдобри искуства" апсолутно не дефинира ништо.

Во однос на членот 20 став 4-"Техничките прописи ги донесува министерот за економија, односно министерот во чија надлежност утврдена со закон се работите поврзани со производството, пазарот и ставањето во употреба на соодветните производи или групи на производи".Тука имаме ситуација каде што мора да бидат наведени и другите министерства, затоа што и во останатите членови и членот 21 став 1 се случува истото ова, и при составувањето на правилата, прописите и техничката документација, како и она што значат правила и прописи, повторно се повикуваме на одделни министерства. Ако тоа го оставиме да се прелее од министерство во министерство, без назнака и повикување кој е тој што треба да го изведе сето тоа, мислам дека самото Министерство за економија кое понатаму е и контролор на она што се случува врз основа на законот, мислам дека ќе треба да ги поставиме и Министерството за правда и останатите министерства кои работат на оваа проблематика, за да можат да ги контролираат и прописите и правилата, но во основа и техничките производи за кои мислам дека Министерството за економија во однос на техничкиот квалитет на производите и можеби не е подготвено да го изврши сето ова.

Јас имам уште една забелешка. Забелешката се однесува на членот 27 став 1 каде што стои: "За разгледување на прашањата во врска со безбедноста на производите од аспект на примената на техничките прописи и сообразноста на производите со техничките прописи, на предлог на Министерството за економија, Владата на Република Македонија основа комисија (во натамошниот текст Комисија). Комисијата ја сочинуваат претставници на надлежните органи

на управата, организации на потрошувачите и други здруженија на граѓани, стопански комори, како и истакнати стручњаци од областа на техничката безбедност на производите и безбедност на потрошувачите". Прашањето е многу едноставно: Зошто Владата би организирала комисија кога во оваа комисија нема апсолутно претставник на Владата, ова се невладини организации, здруженија на граѓани и стопански комори кои што немаат никаква допиран точка со Владата и зошто не оставаме тие самите да ги решат овие проблеми меѓу себе. Ако веќе имаме претставници кои треба да бидат во комисијата, сигурно дека тие меѓу себе ќе изберат најдобро и претседател на комисијата и членови и ќе функционираат. На овој начин Владата си зема за право да организира нешто што претставува невладин сектор. За мене е многу нелогично и мислам дека овде мора да претрпи измена овој дел и овој член од законот, значи членот 27 став 1.

Во однос на претхопдниот став реков за членот 42, казнените Одредби, каде што мора да се предвиди нешто поригорозно, да санкционира, затоа што гледаме што се случува кога некој производ е прогласен токму од инспекциските служби дека не е во ред, се нанесува огромна штета која во овој случај никаде ја немате предвидено, имено, што ќе се случи доколку инспекторите погрешат и која е казната кон нив и кој ќе ја плати таа казна. Мислам дека и тоа треба да биде дефинирано во законот, но на овој начин го немате дефинирано и вака како што стои во законот ќе има проблеми.

Ова се моите забелешки. Се надевам дека заменикот министер ја следеше мојата дискусија и расправата која се водеше на комисиските седници, па сеуште има време да се интервенира барем во оној дел каде што нема номотехнички забелешки, да не оди зкаонот вака напишан да биде составен дел на она што утре ќе треба да важи за безбедноста на производите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Јашари, имате збор, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател,

Ќе се обидам накратко да изнесам две три забелешки кои не ги кажа колегата Спиро Мавровски. И покрај тоа, дека овој Предлог на закон има големо значење во однос на заштитата на потрошувачите. Оваа цел ја имаме и со други закони, кои претходно веќе се донесени во Собранието, а посебно би го нагласил Законот за стандардизација, каде што се предвидени одредени стандарди како минимални услови и под кои услови не може одредени производи да се пуштат во правна и економска продажба. Во таа насока, ќе го спонам и Закнот за заштита на потрошувачи, во кој на детален начин се опфатени одредбите со кои се уредува прашањето што се однесува на заштитата на правата и обврските на потрошувачите. Сите знаеме дека овој Закон е донесен во 2004 година.

Истата цел ја има и Предлогот на законот за кој расправаме, со една дистинкција дека овој закон се однесува на непотрошувачки производи.

Тоа што повеќе ме поттикна да земам збор е една забелешка или една одредба, за која ценам дека не треба да постои, а тоа е во однос на членот 9 каде се предвидува министерот за економија да изготви листа на стандарди, со чија употреба одредени производи ќе се сметаат како сигурни и безбедни. Сметам дека и покрај тоа оваа листа која ќе се подготви или листата на стандарди која ќе се потврди и од министерот за економија својата основа треба да ја има во Законот за стандардизација, бидејќи ценам дека овој Закон е еден општ акт и врз основа на тоа треба да се заснова и листата подготвена за стандардите.

Би било добро ставот 3 на членот 9 да се прецизира или да не постои како теков.

Исто така во членот 9 став 1, каде се говори за т.н. национални стандарди, ценам дека не треба да се предвидат или да постојат како такви стандарди, бидејќи и покрај тоа може да се предизвикаат злоупотреби во текот на проценката на одредени производи, дали ги исполнуваат или не ги исполнуваат овие стандарди кои имаат изворен карактер.

Инаку, така како што говореше и претходниот говорник во врска со неколку забелешки од технички карактер или формален карактер е евидентно дека законот има недостатоци од тој карактер и јас сум длабоко убеден дека овие недостатоци во другата фаза ќе се поправат и затоа нема да направам еден осврт и да говорам за ваквите забелешки. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во Собранието и во салата.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за безбедност на производите, со Предлог на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 присутни пратеници, 59 гласале, 58 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници, бидејќи малку гласале.

Во моментот на гласање присутни беа 67 пратеници и со жалење констатирам дека некој бил доволно мрзелив да не го притисне копчето, па 53 гласале, 51 за, нема воздржани, 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 6 став 2 точка (г и на член 50.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2 точка (г поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија.

Повелете господине Андоновски.

**Саша Андоновски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Јас мислев дека немате глас. Ако ви е прв пат, господине Андоновски, треба да кажете, се прифаќа или не се прифаќа, затоа што повереникот нема право, тој може да се согласи, а не да го прифати.

Значи, амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 50 поднесен од ЗПК.

И со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија.

Повелете господине Андоновски.

**Саша Андоновски:** Се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Господине Мавровски, повелете.

**Спиро Мавровски:** Господине претседателе, мислам дека и мојата дискусија и дискусијата на колегата Јашари беа во насока за подобрување на овој текст кој што ни е приложен од Министерството за економија. Ако овие забелешки кои што ги дадовме денес, апсолутно не вредат никакво внимание од Министерството, а да останеме на овој предлог-текст на законот, јас нема да го гласам, затоа што ова покажува една несериозност од страна на Владата, бидејќи времето од кога беше комисијата до денес, му даваше за право, а помина скоро еден месец и повеќе за да може да се разгледа сето ова и Владата сама да донесе амандмани, по што ние не сме во можност тоа да го сториме, на овој начин мислам дека добиваме еден многу погрешен текст и јас не би гласал за тој закон и нема да го гласам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

64 пратеници се присутни, 54 гласале, 54 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за безбедност на производите.

**Минуваме на точка 26 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на топографијата на интегралните кола, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на топографијата на интегралните кола.

Ве повикувам да гласаме.

65 присутни, 57 гласале, 57 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

65 се присутни, 54 гласале, 54 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

65 пратеници се присутни, 55 гласале, 55 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на топографијата на интегралните кола.

**Минуваме на точка 27 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници од 65 присутни, 58 за, 1 воздржан и нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

65 пратеници се присутни, 60 гласале, 59 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратениците Томе Тромбев, Жарко Караџоски, Илија Китаноски, Ѓорѓе Паљошкоски, Чедомир Краљевски, Александар Флоровски, Лилјана Поповска, Иван Анастасовски, Есад Рахиќ и Цветанка Иванова поднесоа амандмани за додавање на нов член 5-а по членот 5 и за додавање нов член 5-б по членот 5-а по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Китановски поднесе амандман за додавање нов член 5-а по членот 5 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Спиро Мавровски, Соња Лепиткова, Нелко Стојаноски и Жарко Караџоски поднесоа амандмани на член 5 во новиот член 27-б став 1 за додавање на нова точка 28-а по точката 28 и на член 5 во новиот член 27-б став 1 за додавање нова точка 41-а по точката 41 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Спиро Мавровски поднесе амандман на член 2 став 1 и на член 2 за додавање нов став 2 по ставот 1 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Ќе причекаме три минути, за да дојде претставникот на Владата.

Да повторам.

Отворам претрес по амандманот на 2 став 1, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Збор има министерот за финансии.

Повелете.

**Никола Поповски:** Овој амандан може и да се прифати и да не се прифати. Интенцијата на Владата е да го сведе износот на повратот на праксата во Европската унија. Во Европската унија праксата е во моментов, како што е запишано во нивните правила од 50 до 70 евра. Значи, тоа кај нас е преведено, го ставивме на 5.000 денари, за да биде некоја сума која е логична, додека 30.000 веќе отстапува и оди во насока на 500 евра. Никој нема да ни забележи за тоа сега, ќе ни забележат набрзо. Од тие причини ние не би го прифатиле амандманот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господине Мавровски, повелете имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам претседателе.

Почитуван министре, овие 5.000 денари во Република Македонија, знаејќи каков е тој меѓуграничен во моментот однос помеѓу соседните држави и Република Македонија, мислам дека ќе направи огромни проблеми, прво,на царинските служби, затоа што ова што го кажавте за Европската унија гледаме што се случува по европските аеродроми, сообраќањето на овие средства и повратокот нивни, а што ќе се случува со автобусите на граничните премини кои што доаѓаат во голем број во Република Македонија. За оваа вредност од 5.000 денари, која што апсолутно ниеден патник, сигурно дека има поголема вредност од 5000 денари, тоа ќе значи прво една голема ситуација во која што ќе треба да вработите многу царински службеници за сето ова да го дефинираат и врз основа на тоа да можете да извршите и повраток на средствата. Затоа што, можеби во Европската унија е така како што кажувате, но во нашите соседни држави мислам дека не е така и таа вредност е малку поголема и сигурно се движи над овие 500 евра. Затоа, мојот амандман е во насока на тоа , затоа што 30 000 денари апсолутно ќе останат во Буџетот на Република Македонија и ќе се плаќа тоа ДДВ за кое што толку време говориме дека ви е неопходно и дека тие средства се потребни во Буџетот на Република Македонија. Мислам дека интенцијата беше токму во таа насока, да нема проблеми од страна на граничните премини кои што сигурно ќе направат и застој во сообраќајот и многу други споредни работи во кои што ќе треба да вработувате други луѓе кои што ќе се занимвааат со пресметки, повраток на средствата и од друга страна Буџетот ќе биде сигурно пополн за овие дододадени 25 000 денари. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандaнот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 присутни, 60 гласале, 12 за амандманот, 3 воздржани, 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Поповски. Повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Овој амандман не може да се прифати и тој би внел пореметување во системот, затоа што,

според системот на наплата на данокот на додадена вредност, правото на поврат не зависи од тоа од каде потекнуваат добрата кои се набавени, бидејќи согласно законот, независно од потеклото на доброто ДДВ-то се плаќа во Македонија. Ако веќе се плаќа во Македонија, тогаш и повратот треба да го направи Република Македонија, а не земјата од каде што доаѓа и каде што не е даночно оптоварен тој производ. Од таа причина амандманот не можеме да го прифатиме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Господине Мавровски, повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Очигледно е и дека пратениците не ја следат дискусијата, затоа што и во првиот амандман и во овој амандман ќе се случува она што се случува во моментот. Значи, производите кои што доаѓаат од Република Грција се продаваат во Македонија во наши маркети, повторно ќе зборувам од практични примери. Значи и со овој ДДВ што се плаќа во Република Македонија, се многу поефтини, за разлика од истиот производ од кој што се продава во Република Грција. Кога вие ќе го вратите и ова ДДВ од 18%, мислам дека нема човек што утре нема да ги покачи тие цени и сето тоа ќе биде на грбот на граѓаните на Република Македонија. Мислам дека токму тоа го гледам во оваа ситуација и затоа го предлагам сето ова. Но, вие кажувате дека не може, сигурно дека мнозинството ќе ве поддржи, тогаш ќе биде така како што е сега во моментот, со тоа што она што го кажав пред малку, сите ќе ги имаме проблемите на граничните премини и многу тешко ќе се преминува.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, 52 гласале, 10 гласале за, 2 воздржани, 40 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 во новиот член 27-б став 1 за додавање нова точка 28-а по точката 28, поднесен од пратениците: Спиро Мавровски, Соња Лепиткова, Нелко Стојановски и Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски

**Никола Поповски:** Благодарам.

Амандманот не можеме да го прифатиме, заради тоа што на начинот на кој е предложен ќе направи пореметување во системот за призводите за кои е наведено да не се плаќа данок при увоз, а знаеме дека постои на домашното производство данок на ДДВ. Така што, на увозот ако се ослободува од плаќање на ДДВ како што предлага, ќе настане пореметување на пазарот на оние кои произведуваат вакви производи дома кои плаќаат данок на ДДВ и тогаш практично ќе настане нелогична ситуација да фаворизираме увоз и имаме производи од ист карактер увозни без ДДВ, а домашни со ДДВ. Затоа, не ни е логично да можеме да го прифатиме овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Во членот 5 во новиот член 27-б став 1 по точката 28 се додава нова точка 28-а, која гласи:

Стручна литература и изданија на странски образовни, научни установи и поединци наменети за научни и образовни потреби. Јас не гледам дека некој, говориме за работи кои се увезуваат, дали е тоа стручна литература, списанија кои во Република Македонија апсолутно нема издавач и во однос на нив немаме никаква таква ситуација за да можеме да ги оштетиме домашните произведувачи. Значи, се работи за странска литература која во Република Македонија апсолутно не се издава ниту има кој да ја издаде. Се плаќаат овие давачки, мислам дека на тој начин морате да најдете сила да можеме оваа стручна литература да заврши таму каде што треба за развој на полето на науката, културата и тука апсолутно немам никаква дилема дека нема да биде ниту конкуренција ниту, тоа го знаат сите професори по факултетите каде се очекуваат овие книги за кои се плаќаат давачки, кои мислам дека не треба да ги плаќаме затоа што ги нема во Република Македонија и на тој начин да помогнеме во оваа ситуација, еве со едно даночно олеснување, токму таа стручна литература да заврши таму каде што треба.

Ако претходно говоревте за олеснување на оние што излегуваат од Република Македонија странците, сега не можете да најдете сили за ова истото да го потврдите и во однос на оние кои се во полето на науката, културата и на кои се потребни овие стручни изданија.

Јас не знам дали се работи за двоен аршин ниту тука ќе заштедеите ниту таму, како што кажавте, имате намера да заштедите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине министре имате реплика.

**Никола Поповски:** Значи, ова што беше кажано не е точно и воопшто не е логично од господинот Мавровски затоа што прво, тоа што е наш извоз на истите производи во странство се оданочува и со ДДВ и со царина така како што решила домицилната држава, ние на тоа не влијаеме и тоа е обично така. Ако во државата има повисока бенефицирана стапка таква се плаќа. Во овој случај се работи за производ кој во Република Македонија се оданочува со бенефицирана стапка од 5%, не со 18%.

Ако ние во точката каде се утврдува дека при увоз се ослободени од плаќање на ДДВ, ние ќе направиме нерамномерна конкуренција на домашните производители или во овој случај издавачи, затоа што домашните изданија ќе бидат со 5% одданочени, а при увоз нема да бидат одданочени со ДДВ, па макар и со бенефициараната стапка. Тоа е нелогично во краен случај може да иницира ситуација во која домашните издавачи, со оглед дека извозни производи не се оданочуваат, ќе го дислоцираат производството во соседни држави или во некои други и ќе го внесуваат како увозно на македонски јазик, на странски јазик, на било кој, за да им бидат намалени трошоците за 5%. Даночниот систем кој се гради во целиот свет не признава, врз основа на тоа, стекнување на дополнителни бенефиции и навистина господине Мавровски би направиле пореметување кое, верувам, дека и за вас е неприфатливо затоа што го прикажавте на начин кој е малку во поинаква насока одошто реалноста ќе ја создаде таа ситуација.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавениза збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни гласале 55 од кои 15 за, 1 воздржан, 39 против.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 во новиот член 27-б став 1 за додавање нова точка 41-а по точката 41, поднесен од пратениците Спиро Мавровски, Соња Лепиткова, Нелко Стојаноски и Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Никола Поповски:** Благодарам, овој амандман е со иста содржина само се однесува на друга група производи. Претходното беше за стручна литература, а ова е за реквизити за спортска опрема.

Не го прифаќаме затоа што овде разликата е уште подрастична затоа што домашните производители плаќаат неповластена нормална стапка од 18%, а увозните ќе бидат ослободени од таа стапка од 18% на ДДВ при увоз што сега внесува уште поголеми пореметувања, едноставно секој домашен производител ќе биде дискриминиран со законот и ќе ни дадат сериозна забелешка и домашните и сите други дека ги дискриминираме домашните призводители на еден начин кој не е прифатлив.

Од тие причини овој амандман, исто така, не можеме да го прифатиме.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, не сакав да реплицирам на претходниот амандман за кој кажавте ваш коментар и нема да се согласам и тогаш, а и сега не се согласувам затоа што камо среќа да имаме луѓе кои таа стручна литература ќе можат да ја печатат во Република Македонија, па вие кажувате дека ќе излезат надвор со своите изданија и ќе ја увезуваат во Република Македонија. Ние не можеме да задоволиме основни работи, а кажуваме дека ќе направиме такво производство што со увоз ќе направиме упад во даночниот систем на Република Македонија.

Во однос на овој амандман каде по точката 41 се додава нова точка 41-а која гласи: реквизити и спортска опрема за потребите на спортските федерации и клубовите.

Господине министре јас ќе ве потсетам дека не можеме никого да оштетиме во Република Македонија за работи кои не се произведуваат во Република Македонија, а немаат ни можност. Јас ќе бидам многу среќен ако вие направевте до сега со вашата Влада фирми кои ќе ги произведуваат овие, дали се тоа атлетски реквизити, дали се гимнастички, дали е спортска опрема која е подарена и треба да стои по границите каде треба и она што е донација да треба да се плаќа 30-40% данок.

Во таа насока, во оваа ситуација во која се наоѓаат спортските друштва и федерациите, мислам дека морате да направите отстапка затоа што не се говори за опрема која се произведува во Република Македонија. Тоа можете со еден подзаконски акт да го направите и се она што значи опрема која се произведува во Република Македонија нека биде оданочена со оваа ставка што вие кажувате, но она што не се произведува, а е неопходно за развојот на спортот, мислам дека апсолутно не е коректно да се оданочува на таков начин како цела спортска опрема што ја имаме тука.

Ако сакате да помогнете во спортските федерации, во спортот комплетно, мислам дека ова е начинот на кој, барем малку, ќе се вклучи Министерството за економија во она што значи помош на спортот.

На овој начин вие апсолутно негирате се и сега не знам како утре ќе може таа опрема, дали е атлетска опрема, дали се работи за гимнастичка опрема, дали се работи за спортски копачки кои ги користат фудбалерите или патиките кои во Република Македонија не ги произведува никој, мислам дека доаѓаме во една многу тешка ситуација и на ова што го имаат спортските федерации и клубови, вие дополнително, да се исцеди и она што го имаше во тие клубови.

Мислам дека овде ќе морате да најдете сили, не се работи за големи средства, сигурно дека имате инспекциски служби, надзорни органи кои можат ова да го направат, а би ви препорачал со подзаконски акт да се провери што во Република Македонија во моментот функционира, што од ова се произведува, а што не и на таков начин да ги

ослободите овие спортски клубови и федерации од плаќањето на овој данок. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Поминуваат минути на чекање)

Благодарам, сега се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник гласале 53 од кои 11 за, 2 воздржани, 40 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на за додавање нов член 5-а по членот 5, поднесен од пратениците Томе Тромбев, Жарко Караџоски, Илија Китаноски, Ѓорѓе Паљошкоски, Чедомир Краљевски, Александар Флоровски, Лилјана Поповска, Иван Анастасовски, Есад Рахиќ и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодрам, само да кажам, на членот 5 каде се додава нов член 5-а, поднесен од група пратеници Томе Тромбев и други?

**Љупчо Јордановски:** Токму така.

**Никола Поповски:** Овој амандман се одбива.

Во Република Македонија ако праксата кај некои заради технолошките состојби отстранува, треба да се оди во насока на израмнување по законот, а не законот да го израмниме според проблемите, според праксата која во некои компании се случува и Министерството за финансии презема мерки тоа во таа насока да се случи, а не во насока на прифаќање од страна на Парламентот дека девијантните појави треба да ги озакониме овој пат со закон.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Тромбев имате збор.

**Томе Тромбев:** Благодарам претседателе, ние го поднесовме овој амандман по барање на Здружението на комуналните претпријатија при Стопанската комора на Република Македонија. Овој амандман е предложен од една специфична ситуација што во Република Македонија во најголемиот број на градови претпријатијата кои стопанисуваат со водоснабдување на градовите и одведување на урбаните отпадни води се една целина и тие користат, членот 8 став 2 од законот, кој ќе го прочитам:

Ако прометот на услуги како основен промет е дополнет со промет на друга услуга или на добро како спореден промет, целокупниот промет ќе се смета за промет на услуги.

Значи водоснабдувањето кое е оданочено со повластена стапка 5% кога ќе се додаде дополнителниот промет т.е. одведувањето на отпадните води, се оданочува со 5% од вкупната сума на сметката.

За жал, во 4 града во Македонија меѓу кои е Битола, Охрид, Велес и Македонски Брод има посебни претпријатија за одведување на отпадни води и граѓаните се принудени, врз основа на толкување на законот и инспекциските служби од Министерството за финансии да плаќаат 18% данок на урбаните отпадни води.

Мислам дека тоа е недозволива ситуација затоа што граѓаните се во нерамноправна положба, бидејќи секаде освен во овие 4 града плаќаат 5% данок освен овие 4 града.

Затоа цениме дека треба да се прифати овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, повелете имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, токму во тој контекс Битола е еден од градовите каде се плаќаат овие 18%, но и судските решенија, како што кажа министерот, јас мислев дека она што и судот го кажал дека на жалба на јавните претпријатија кои биле задолжени наместо 5 да плаќаат 18% е вратена на повторно разгледување затоа што се цитираше ова што го кажа колегата Тромбев членот 8 став 2, во кој и она што значи вода и одведување на вода би се третирало под иста проблематика и токму затоа е барањето на овој амандман да имаат повластена стапка од 5%.

Почитуваниот министер кој ова глатко го отфрли, јас би го потсетил во колку држави од Европската унија, бидејќи многу често ги спомнуваме, постои овој начин на повластено искористување или плаќање на ова одведување на водата и во однос на комуналнио тотпад кој е нареден амандман. Сега би го потсетил дека Чешката Република има 5%, Германија 7%, Естонија 5%, Грција 8%, Шпанија 7%, Ирска 13,5%, Италија 10%, Кипар 5%, Латвија 5%, Луксембург само 3%, екстра повластено, Полска исто екстра повластено, Португалија не се плаќа и Англија 5%.

Сега, ако сите овие нашле снага за да можат ова да го применат, јас не знам што е разликата во она што значи донесување на вода и она снабдување и одведување на урбаните отпадни води. Што е тоа што се случува во едно исто јавно претпријатие, еве ги сметките ги имаме кај нас, едното да се оданочува со 5%, а другото да се оданочува со 18%. Мислам дека е апсолутно нелогична работа некаде да се движи законот по она што се прекршува, ако е така, или ќе кажете дека и снабдувањето со вода е 18% или и едното и другото ќе биде 5%. Не може да биде едното оделено од другото како што во оваа ситуација функционира во Република Македонија и на штета на 4 града меѓу кои и Битола за кои граѓаните плаќаат 18%. Тука ги имаме сметките по кои функционираат, а за жал, наплатата изнесува некаде околу 50%. Тука е големиот проблем кој ги прави овие проблеми со ДДВ во кое јавните претпријатија се презадолжуваат и

тие треба да ги платат тие други 50% кои граѓаните не ги плаќаат, а како можете да ги исклучите. Апсолутно не постои можност да се изврши санкција врз оној што не го плаќа сето ова затоа што е на уштрб на снабдувањето со вода и одводот на вода апсолутно не можете да го оделите и да најдете начин како да функционираат.

Од друга страна се носите во ситуација со самата санкција да забраните нешто кое граѓанинот плаќа, а тоа е снабдувањето со вода.

Мислам дека јавните претпријатија на овој начин ги донесуваме во ситуација самите да го плаќаат ДДВ и со тоа да прикажуваат огромни загуби. Сигурно дека тоа не ви е цел, затоа велиме дека тие 5% ќе овозможат регуларно плаќање и на едното и снабдувањето и одведувањето на водата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, повелете господине Китаноски имате збор.

**Илија Китаноски:** Благодарма господине претседателе, само накратко како дополнување на колегите, на образложението што го дадоа колегите и јас како еден од предлагачите на овој амандман, само би сакал да реагирам на објаснувањето на министерот, мислам дека тој се префрли веројатно на вториот амандман предложен од истите пратеници каде во образложението стои дека една од причините е она што претставува девијација односно неможноста за зголемување на процентот на наплата односно немањето на објективни инструменти кои ќе наплатат. Тоа се однесува повеќе за вториот амандман кој се однесува на отпремувањето на отпад и услуги за одржување на јавната чистота.

Додека овде едното образложение е кажано, значи за оние претпријатија кои што исклучиво се занимаваат со дејност на одведување на отпадните води. Меѓутоа, образложението дека тука има девијација, или не наплата, не држи кај другите претпријатија кои што имаат и снабдување со вода за пиење и одведување на отпадните води, затоа што едното го оданочуваат со 5%, другото го оданочуваат со 18% и воопшто не е во прашање нивната можност за наплата на средствата од страна на граѓаните и инструментите што ги имаат тие тука се поефективни. Тука едноставно е поврзување на она што значи доведување на вода за пиење и нормално како нус производ одведување на таа употребена вода. И логиката на повластена стапка и за едната и за другата дејност е сосема очигледна и мислам дека амандманот навистина треба да биде прифатен, посебно што нема многу во апсолутни бројки негативно да влијае врз позициите во Буџетот на државата.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника 56 гласале, 11 за, 2 воздржани, 43 против.

Коснтатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 5-а по членот 5, поднесен од пратеникот Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Амандманот не се прифаќа. Мора да соопштам дека вакви амандмани за намалување на даночната стапка од нормалната на повластената навистина секојдневно сме затрпани во Министерството за финансии од разни органи, поединци, претпријатија, гранки и тн. Сите мислат дека во основа нивниот проблем произлегува од некој данок, а не од нивното работење. И такви амандмани генерално не прифаќаме. И овој амандман не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине претседателе. Значи, со донесувањето на законот за изменување и дополнување на Законот на додадена вредност на 01.04.2003 година од листата на добра кои што се оданочуваат според повластена намалена стапка од 5% се избришаа следните добра кои што се третман на овој амандман, а кои што се најдиректно поврзани со агрокомплексот и кои денес се оданочуваат со општа даночна стапка од 18%. Тоа се основните производи за земјоделство, рибарство и пчеларство со напомена дека дел од овие се вклучени во групата на производи за човечка исхрана и понатаму се оданочуваат со повластена даночна стапка од 5%, потоа храна за животни, минерални и хенмиски ѓубрива, средства за заштита на растенијата, полиетиленско платно за потребите во земјоделието. Со оваа законска промена просечното фискално оптоварување на импутите во земјоделството, значи на трошоците во земјоделското производство се зголемило по основ на ДДВ од 5,16% на 15,85%. Ова покачување на стапката на ДДВ, приходите од ДДВ по основ на ДДВ на импутите во земјоделството се зголемиле за пет милиони евра. Ваквата ситуација на драстично зголемување на трошоците на земјоделското производство во принцип води кон намалена активност во овој сектор и пониска конкурентност. Во изминатиот период, посебно последнава година, или последниве месеци се соочуваме со директни манифестации на изразите на незадоволство на земјоделските производители. Токму причините за тоа нивно незадоволство не лежат само во неоткупот, или незадоволството од откупните цени, туку воопшто од зголемувањето на трошоците на нивното производство. Додека

во меѓувреме продажните цени или се исти, или се намалени во однос на претходните години, односно откупните цени по кои што ги продаваат своите производи. Значи, со предложеното намалување што со овој амандман го предлагам, оптоварувањето на импутите од увоз во земјоделското производство од 18% на повластената стапка од 5% приходите по основ на ДДВ би се намалиле од 6,8 на 2,2 милиони евра, а рзликата од 4,6 милиони евра би биле средства кои што би останале на располагање на директните земјоделски производители. Ова е еден од начините за системско решавање на проблемите, а не да ги лечиме во стилот на гасење на пожари, денес протестираат лозаропроизводителите, утре тутуно-производителите, задутре некои други и да изнаоѓаме средства од Буџетот, или од некои други фондови, или извори кои што во моментот ги нема, или не се на располагање. Мислам дека со ова законско решение ако се прифати овој амандман ќе им се овозможи на земјоделците, колку толку да ги намалат своите трошоци односно импути во нивното производство, затоа што тие се во овој момент неиздржливи и за голем дел на земјоделски производи, практично работат или за бадијала, или со однапред предвидена загуба во производството. Значи вкупната загуба на даночните приходи од оваа политика на намалување на даночното оптоварување на импутите во земјоделството би изнесувала во проценти сега помалку од 1% од вкупните приходи од данокот на додадена вредност во Буџетот, или би довело до незначително зголемување на буџетскиот дефицит за 0,1% за 2006 година. Мислам дека овие образложенија и проблемите со кои што се соочуваат земјоделските производистели и кои што, ќе повторам, значи се манифестираат постојано, меѓутоа ние имаме обичај да ги решаваме само тогаш кога ќе излезат на улица, или кога ќе имаат неколкудневни или неколку неделни блокади. Ова е еден од начините на кои што може на системски начин да им се помогне, односно да се излезе во пресрет и сето тоа да е во согласност и со договорот за слободна трговија и со европските директиви, значи, се она што земјите на ЕУ го практицираат во заштита на сопственото земјоделско производство и Република Македонија да може да го прави. И уште еднаш, да не се доведуваме во ситуација да гасиме пожари секојдневно и едноставно да и овозможиме на оваа битна стопанска гранка во Република Македонија на еден системски начин, значи со измени во закон да доживее еден вид на сопствена ревитализација и преживување на околу 100 илјади семејства во Република Македонија кои што дали исклучиво, или како дополнителна дејност се занимаваат со земјоделие.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе. Почитуван министре, не ве разбрав, кажувате овој амандман се одбива, затоа што додадената вредност од 18% не треба да биде покритие за оние што не знаат да работат. Сега ќе ве прашам, дали пред тој фамозен 15 септември 2002 година кога на граѓаните им ветувавте дека не семо тие производи што беа со повластена стапка за земјоделие, во здравство и не знам каде уште со 5%, дека ќе има уште повеќе такви производи за поуспешно работење на оние што се занимаваат со земјоделие. Вие направивте таа стапка да стане веднаш 18% и апсолутно ниеден производ во меѓувреме да не постигне вредност од 5%, или повластена стапка. Сега и во овие амандмани што до сега ги побаравме, апсолутно се одбивате и тука нема никаква дискусија дека нешто може да стане. И многу е чудно за мене, претходниот амандман кој што е потпишан од 12 пратеници да има само 11 гласа. Мислам дека работите вака не можат да се одвиваат. Тука се потписите и на позицијата и на опозицијата и на овој начин мислам дека апсолутно не сте во право, затоа што овие се евидентни трошоци за земјоделците кои што учествуваат во нивниот производ, а нивниот производ го купувате по истите, дури и намалени цени од она што се купуваше пред 2002 година. И тука е основниот проблем. Дали некој знае да работи, или не знае да работи, со ова вие материјално сигурно дека ги загрозивте сите овие семејства и ги донесовте на работ на егзистенцијата. Што понатаму? Вие викате дека вакви амандмани не прифаќате. Не знам какви амандмани прифаќате? Да кажете, да предложиме, да прифатите нешто. Затоа што на овој начин комуникацијата меѓу Парламентот и Владата апсолутно ја нема и апсолутно немате слух за ништо што досега е предложено од парламентарците.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник 52 гласале, 5 за амандманот, 4 воздржани, 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 5-б по членот 5-а, поднесен од пратениците Томе Тромбев, Жарко Караџоски, Илија Китаноски, Ѓорѓе Паљошкоски, Чедомир Краљевски, Александар Флоровски, Лилјана Поповска, Иван Анастасовски, Есад Рахиќ и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Никола Поповски:** Од истите причини овој амандман не се прифаќа. Отпадот и одржувањето на јавната чистота треба да останат во даночната стапка која е утврдена.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Како предлагач нека каже господинот Томе Тромбев.

**Томе Тромбев:** Благодарам претседателе. Самиот амандман се однесува за собирање на сметот и одржување на јавна чистота како дејност е од јавен интерес кои што се директно поврзани со чистотата во градовите, со здравјтето на граѓаните, а со тоа и со животната средина. Има две основни причини од кои што го предложивме овој амандман.

Првата причина е на предлог на Здружението на комуналните претпријатија, со оглед на тоа што стапката на ДДВ на оваа дејност до 2003 година беше 5%, значи повластена стапка. Во наредниот период се зголеми бројот на неплаќања по основ на обавување на оваа дејност од страна на граѓаните. Така што во овој момент има наплата околу 53% кое што се цени дека со намалување на стапката од сегашната 18% и враќање на повластената стапка, дека ќе се изврши целосен опфат на наплата на оваа дејност.

Втората причина за што е предложен амандманот е таа што во сите држави на ЕУ со оглед дека се работи за дејност која е директно поврзана со здравата животна средина, сите вакви дејности се оданочуваат со даночна стапка, со повластена даночна стапка. Така што, порано, или подоцна ние таквата даночна стапка ќе ја прифатиме.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине преседателе. Почитуван министре, ова е начинот на кој што сакаме да се приближиме на ЕУ, но го толкуваме различно како нас ни одговара, во некои ситуации дека треба да биде како во ЕУ. Во оваа ситуација кажувате, не треба да биде како во ЕУ, затоа што таму има повластена стапка. И сега не можам да ве разберам, дали првиот пат да ве сфатам, или овој пат да ве сфатам. Но, во секој случај во однос на животната средина и она што до сега се донесени како закони, мислам дека тука сме отидени најнапред. Но, начинот на кој што комуналните претпријатија, како што кажав, има наплата од 53% после покачувањето од 2003 година во која што и таа повластена стапка како што кажав ја покачивте од 5% на 18%, наместо да ја намалите. Но, се случува ова што се случува. Која е санкцијата за Јавното комунално претпријатие да ги наплати од граѓаните средствата кои што некој ги должи.

Ако тоа го стори со не подигнување на сметот, тогаш имаме ситуација кога граѓаните кои плаќаат се доведуваат во иста ситуација со оние кои не плаќаат, а од друга страна, овие средства се зголемени. Средствата што треба да ги уплатат јавните претпријатија во Буџетот во однос на ДДВ-то, мислам дека од тие 94 милиони што ги плаќаат, некаде околу 90 милиони треба да платат сопствени средства за да можат да го задоволат ова ДДВ што се обврзани да го платат.

И сега, правиме една ситуација, во која што наместо да ги искористиме тие средства, во однос на чистење на животната средина и оние закони што ги носиме во заштитата на животната средина, да бидат составен дел и потпомогнати со финансиски средства, а не само така декларативно да ги носиме и да кажуваме дека нивното влијание ќе биде после 10-15 или 17 години, како што има за некои од овие закони, мислам дека еве тука е можноста многу брзо да бидеме заедно со Европската унија и вие да го прифатите овој амандман денеска, да стане составен дел на законот, а со тоа и составен дел на она што значи Европаска унија и повластени цени во однос на овие ситуации.

Се надевам ќе имате доблест, затоа што ако го пропуштивте првиот пат да го прифатите амандманот, што мислам дека беше апсолутно прифатлив, овој пат ќе ги повикам колегите од позицијата, бидејќи и тука се истите предлагачи, значи повеќе од десет пратеници кои се потпишани на овој амандман, мислам дека овој амандман денеска треба да се донесе, без разлика како Министерството за економија размислува, затоа што имаме обврска кон ова што значи заштита на животната средина и заштита на јавните комунални претпријатија, од каде што сите доаѓаме, од единиците на локалната самоуправа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Китаноски имате збор.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине претседателе.

Очигледно дека Министерството за финансии нема сенс за овие проблеми, како што немаше претходно ниту за земјоделците, сега нема сенс ниту за сите граѓани кои на овој начин се оптоварени со високи давачки за отпремување на отпадот и на сметот. Но, исто така нема сенс за јавните претпријатија што се задолжени, се занимаваат со оваа важна дејсност што во македонски услови е диреkно поврзана со екологијата и со зачувување на природната околина, затоа што горе-долу кај нас, најголемото загадување на природната околина е од примитивен тип. Тоа значи најмногу од отпад и од несоодветно отпремување и складирање на тој отпад или ненавремено негово отпремување итн.

Јас би сакал само едно дополнително објаснување.

Овде, во образложението се дадени и цифрите колку тоа ќе се одрази на Буџетот. Практично, во многу мала мерка, односно во еден апсолутен износ од 20-тина милиони денари ќе биде разликата, а реалната разлика во апсолутна бројка, што помалку ќе се слее во Буџетот а многу ќе се помогне на граѓаните и на претпријатијата кои се занимаваат со оваа јавна дејснот, затоа што, посебно на оние претпријатија во поголемите градски центри каде јавните претпријатија се издвоени и посебно се занимаваат исклучиво со

чистота, јавна хигиена и евентуално зеленило кон тоа е додадено, а не во помалите места, каде што во најголем дел сметките за ѓубретарина, како ги нарекуваме популарно, се врзани односно се на иста сметка со сметката за вода или со отпадните води.

Така што, постои реален инструмент за нивно полесно наплатување. А овде, инструментот, во поголемите градски центри, каде што едно јавно претпријатие се занимава исклучиво со оваа дејност, иструментот за, зборувам за реалниот инструмент а не за тужби, затоа што и поединечните тужби за толку мали износи што не се наплаќаат, се буквално неисплатливи, затоа што по едно домаќинство по 100 или 200 денари, тужбата секогаш ќе чини многу повеќе. Тие претпријатија практично се доведени во ситуација да целокупната заработка или најголем дел од таа заработка ја дадат за ДДВ, затоа што се оданочуваат на фактурирана вредност, што е сосема законски и логично.

Меѓутоа, со намалување на процентот на ДДВ односно со ставање на повластена стапка ќе се зголеми и процентот на наплата, автоматски, затоа што сигурно услугата ќе биде поевтина, ако не повеќе, барем за десетина проценти. Значи, јавните претпријатија што се занимаваат исклучиво со ваква дејност немаат инструмент, реален инструмент освен тужбата за наплата на своите побарувања, затоа што не може да не го собира сметот. Односно, тие може да не го собираат сметот, меѓутоа, тогаш директно влијаат на загадување на целата околина и на оние кои редовно го плаќаат изнесувањето на сметот.

Очигледно се нема добра волја и сенс. Инаку, ниту последиците по Буџетот не се големи. Се нема чувство за секојдневните проблеми на граѓаните и претпријатијата што секојдневно се соочуваат со овој проблем.

Затоа, уште еднаш, во име на реалноста, во име на она што значи секојдневно живеење и потреби на граѓаните, апелирам до колегите, барем оние кои се потпишани да го поддржат овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници, 58 гласале, 13 за амандманот, 2 воздржани, 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претпрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Господине Мавровски, повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Јас уште еднаш ќе повторам, претходно беше Министерството за економија, сега е Министерството за финансии, без разлика кој од каде доаѓа, колку амандмани се предложени, колку, за тоа треба реално да се гледа, експлицитно сѐ се одбива, без оглед на аргументи, на факти, овде се води една дискусија на луѓе кои или се разбираат или не се слушаат.

Затоа, јас и овој пат, овој закон нема да го гласам. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, 57 гласале, 56 за, нема воздржан, 1 против Предлогот на законот.

Со тоа констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност.

Почитувани пратеници,

Бидејќи следните две точки се предложени од страна на Министерството за внатрешни работи, министерот ме извести дека има средба, така што ќе биде присутен тука во 15,00 часот, давам пауза, една претседателска и една за ручек.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(Пратениците отидоа на пауза во 14,45 часот).

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Би сакал да ги известам присутните пратеници, дека по барање на координаторот на ВМРО Народна давам пола час пауза, бидејќи имаат некоја координација.

(По паузата седницата продолжи во 15.28 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата. Благодарам.

Претставникот на предлагачот е тука.

**Минуваме на точка 28 - Предлог на закон за странците**

Предлогот на законот, и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстото на Предлогот на законот.

Законодавноправната Комисија поднесе амандмани на член 57 став 5, член 75 став 3 во воведната реченица и на член 150 став 2.

Пратеникот Илија Китаноски поднесе амандмани на член 112 ставови 2 и 4 и за додавање нов наслов и член 123-а по членот 123 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 57 став 5, поднесен од Законодавноправната Комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете господине.

**Љубомир Михајловски:** Амандманот го прифаќаме.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 75 став 3 во воведната реченица, поднесен од Законодавноправната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете господине Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** Не се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, кој бара збор.

Господине Витановски, повелете имате збор.

**Јанаке Витановски:** Благодарам претседателе, овој амандман го повлекуваме во името на Комисијата.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен во име на Законодавно-правната Комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 112 ставови 2 и 4 поднесен од пратеникот Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете господине министре.

**Љубомир Михајловски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов наслов и член 123-а по члент 123, поднесен од пратеникот Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете господине министре.

**Љубомир Михајловски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 150 став 2, поднесен од Законодавноправната Комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот, повелете.

**Љубомир Михајловски:** Се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи мора да пристапиме кон гласање.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни)

Во салата се присутни 55 пратеника, дали може уште шест да се обезбеди.

Десет минути за кворум течат.

Службите нека го утврдат бројот.

(Службите го утврдуваат бројот)

Благодарам, 61-от пратеник е овде.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, 57 гласале, 57 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за странци.

**Минуваме на точка 29 - Предлог за донесување на закон за надзор на државната граница**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1.Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за надзор на државната граница.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог закон за надзор на државната граница, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела. Бидејќи нема расправа, нема ништо од расправата.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Од вкупно 61 пратеник, гласале 56 пратеници, 56 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Со тоа дневниот ред е исцрпен.

Ја заклучувам 122 седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 15,45 часот)